




2020







## Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т.

# Наративен извештај

СТАНИЦА П.Е.Т.
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

# Содржина


1 За нас

2 Цели

3 Програма: Пристап до правда

4 Програма: Анти-корупција

5 Програма: Организациско зајакнување




# 1 ЗА НАС



**Визија:** Овозможен пристап до правда за секој граѓанин.

**Мисија:** Да се остварат правните потреби на граѓаните преку поттикнување на отвореност и соработка на институциите.

**Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т.** е основано во септември *2018*, а започна со активна работа во јануари *2019* година.

Самиот термин "станица" е место каде што луѓето секогаш можат да се обратат, а зборот "ПЕТ" е акроним и означува правна едукација и транспарентност. Ова значи дека ова здружение е место каде сите граѓани можат да бидат правно едуцирани и да побараат помош, но и транспарентност и отчетност од институциите.

# 2 Цели

Основните цели кон кои е насочена нашата работа и дејствување се:

- Да им се овозможи едукација и асистенција на граѓаните во насока на остварување на нивните права, со фокус кон ранливите и маргинализирани групи, посебно кон Ромите, во делот на здравствени и социјални права.
- Да се поттикнат институциите на системот на транспрантност и одговорност во работата, прилагодена спрема потребите на граѓаните.
- Да се промовира еднаквост на граѓаните по сите основи, преку преземање на активности за превенција и заштита од дискриминација.
- Да се поттикнат физичките и правните лица за нивно вклучување во акции од хуманитарен карактер, со цел намалување на сиромаштијата.
- Да се овозможат услови за мултиетничка и социјална кохезија и делување преку вклучување на лица од различни етнички, географски и социјален профил како можност да се постигне реален и ефективен придонес за позитивни општествени промени.
- Да се придонесе кон постигнување на родова рамноправност и справување со постојните нееднаквости помеѓу мажите и жените, во насока на унапредување на вклученоста на жените во општествените процеси.



# 3 ПРОГРАМА: ПРИСТАП ДО ПРАВДА

## Проекти:

•**ЦЕНТАР ЗА ПРИСТАП ДО ПРАВДА** (јануари 2020 – јуни 2021)

Поддржан од: Фондација Отворено општество Македонија

•**ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА НАЈМАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ**

(8 јануари 2020 – 7 јули 2021)

Поддржан од: ЕУ – ЕИДХР

Во партнерство со: Фондација Отворено општество Македонија,

ХОПС Опции за здрав живот – Скопје

•**ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ОДГОВОР НА КРИЗАТА**

(јуни 2020 – мај 2021)

Поддржан од: Фондација Отворено општество Македонија

•**COVID-19 GRASSROOTS JUSTICE PROJECT**

(декември 2020 – август 2021)

Поддржан од: The Fund for Global Human Rights.







- **Реализирани активности/резултати:**

**1.Правна едукација и правна помош на граѓаните во остварувањето на нивните права**



-Обезбедена правна помош и асистенција во 1055 случаи, на граѓани од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени. Во канцеларијата на здружението СТАНИЦА П.Е.Т. секојдневно им се овозможуваат правни совети, упатување, пополнување на документација и правна асистенција на граѓаните во остварување на здравствените и социјалните права. Иако новиот Закон за социјална заштита беше донесен изминатата година, неговата примена на терен сеуште наидува на одредени пречки и недоследности во однос на остварување на правата од социјална заштита на граѓаните, посебно на таргет групата со која работи здружението сеуште им е потребна помош од објаснување на промените согласно новиот закон, какво влијание има врз социјалните права кои тие ги користат и како да станат корисници на одредено право загарантирано со новиот закон.

Исто така на граѓаните им се нуди и редовната помош во комплетирање на потребната документација за остварување на одредено право и релевантната институција до која истата да ја поднесат. Дополнително, во врска со мерките кои беа донесени од Владата на РСМ за надминување на здравствената и економска криза предизвикана од КОВИД-19, од страна на здружението беше дадена помош и правен совет како граѓаните да пристапат до мерките, кои документи им се потребни и беа упатувани до конкретните институции.

- Идентификувани се 3 поголеми системски пречки во остварување на правата, за кои соодветно се поднесени три ургенции до:

- Министерство за труд и социјална политика во врска со потребната документација за остварување на правата од социјална заштита, односно за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за социјална заштита за време на вонредна состојба
- Министерство за образование и наука во врска со остварувањето на правото на основно образование за деца кои наполниле 16 години и
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и други инсититуции, во врска со откупот на суров тутун во лист од реколата 2020 и доследно почитување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни прозиводи како и Правилникот за мерила и методи за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун.

## • Реализирани активности/резултати:

- На ден 07.10.2020 беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу здружение СТАНИЦА П.Е.Т. и Правен факултет, Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола. Оваа соработка има за цел организирање на различни форми на правна едукација, практична примена на знаење, правна помош и унапредување на пристапот до правда за сите граѓани преку давање на соодветна правна помош и совети на граѓаните кои немаат можност да ги остварат и заштитат правата кои им се повредени, а се регулирани со Уставот и законите во нашата држава, но и со меѓународните договори и конвенции. Во периодот октомври-декември 2020 во соработка со Правната клиника при Правен факултет – Битола, реализирани се две обуки за примена на новиот Закон за бесплатна правна помош и опфатени се 56 лица, за едукација и промоција на можностите за пристап до правда кои ги нуди овој закон, но и дискусија за пречките во неговата имплементација.





- Од страна на Здружението беа комплетирани и поднесени 4 Барања за користење на БПП и еден приговор. За две од барањата кои беа поднесени лицата добија негативно решение а за останатите две барања сеуште се чека одговор.




- Во периодот 23.11.2020 до 30.11.2020 тим од правници и параправници на здружението беше дел од онлајн Практичната програма за правно зајакнување во организација на Украинската школа за пристап до правда каде заедно со други 4 национални тимови од различни држави а со поддршка од организаторите беше развиено ново иновативно решение за зголемување на пристапот до правда за најмаргинализираните – мобилна канцеларија за параправна помош. Оваа соработка како и понатамошниот развој на оваа иницијатива продолжува и во наредниот период, со поддршка од страна на Украинската Фондација за Правна Помош (Ukrainian Legal Aid Foundation).



## 2. Развиен систем на параправна помош

- Воведена телефонска линија „Повикај итна параправна помош“ која од 15 март 2020 е достапна 24/7 за правна и параправна помош и поддршка на граѓаните од маргинализираните заедници. Околу 25% од правната и 15% од параправната помош е дадена преку оваа телефонска линија.
- Во периодот 22-25 јуни се одржа четиридневна Онлајн школа за параправници на која 12 учесници беа обучени за: местото и улогата на параправниците во РСМ, права од социјална заштита, права од работен однос и права од земјоделска дејност.

 ПРВ ЧАС: Темата на првиот ден од он-лајн школата за параправници беше: „Работата и системот на параправна помош“, при што беа дадени воведни насоки за параправната помош, предизвиците со кои се соочуваат параправниците во заедницата, како функционира системот на параправна помош, во кои области е потребна параправната помош и како параправната помош дава резултати во промена на законите и промена на општеството, посебно промена во начинот на кој постапуваат институциите со ранливите групи на граѓани.

 ВТОР ЧАС: Темата на вториот ден од он-лајн школата за параправници беше: „Права од социјална заштита“. Учесниците се запознаа со уставното и законско уредување на правата од социјална заштита (со Уставот на РСМ, Закон за социјална заштита, Закон за заштита на деца, Закон за социјална сигурност на старите лица, Законот за семејството, Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност). Исто така, се дискутираше за начинот на обезбедување на дејноста на социјалната заштита, кој може да биде корисник на социјална заштита , кои се правата и обврските на корисниците, но и права и обврски на центрите за социјална работа. Дополнително, се зборуваше за препреките кои постојат во пракса во однос на имплементацијата на законите и како параправниците во својата работа можат да придонесат во нивно идентификување и надминување.

 ТРЕТ ЧАС: Темата на третиот ден од он-лајн школата за параправници беше: „Права од работен однос“. Во рамки на третиот час, учесниците се запознаа со уставното и законското уредување на работните односи, правото на работа, заштитата при работа, правата и обврските на работникот и работодавачот. Се дискутираше за начинот на прекин на работниот однос, правата кои ги има работникот во случај на прекин, но и за најчестите манипулации на кои се подложни работниците во овој дел, а кои се особено зачестени во периодот на кризата со КОВИД – 19. Дополнително се зборуваше и за механизмите за заштита на работничките права преку синдикатите, судовите, а најважно од се и преку парпаправната помош и вклучувањето на здруженијата во случаи каде се идентификувани повреди.

 ЧЕТВРТ ЧАС: Темата на четвртиот ден од он-лајн школата за параправници беше: „Права од земјоделска дејност “. Во рамки на овој последен час, учесниците имаа можност да научат за законското уредување на земјоделската дејност, кој може да биде земјоделски производител, што претставува земјоделско стопанство и кој може да врши земјоделска дејност. Понатаму, се зборуваше за разликите помеѓу индивидуален земјоделец и семејно земјоделско стопанство, уписот во регистар на индивидуални земјоделци, начинот на остварување на здравствено и пензиско осигурување за земјоделци, начинот на остварување право на субвенции, искористување на помошта во рамки на ИПАРД порограмата и т.н. Исто така, се обрна внимание и на земјоделските задруги како форма на здружување и окрупнување на земјоделската дејност која нуди особено поволни можности. Се потенцираа најчестите пречки и проблеми со кои се соочуваат земјоделците во рамки на остварување на своите права и како параправниците во својата работа на терен можат да придонесат во идентификување и надминување.

- Во месец јули започна ангажманот на 5 параправници, а со тоа и формално започна услугата на параправна помош на здружението. Параправниците се лица кои доаѓаат директно од заедниците на кои им припаѓаат и затоа на граѓаните им е полесно да им се обратат за помош и асистенција. Параправната помош во најголем обем се однесуваше на искористување на економските антикризни мерки, социјална заштита, здравствена заштита, образование, вадење на лична документација, права од вршење земјоделска дејност.
- Обезбедена параправна помош во 385 случаи.












ПРАВДАТА НЕ Е ПРИВИЛЕГИЈА

**3.** Во периодот 23.09 - 02.10 се реализираше **Инфо-караван со наслов „Правдата не е привилегија“** кој во текот на 8 работни дена патуваше низ три општини - Прилеп, Кривогаштани и Долнени и вкупно 10 различни места, по следниот редослед:
- 23.09.2020-Прилеп, центар
- 24.09.2020 - с. Обршани, о.Кривогаштани
- 25.09.2020 - Прилеп, нас.Тризла
- 28.09.2020 – с. Долнени о.Долнени
- 29.09.2020 - с. Витолиште и с. Крушевица, о. Прилеп
- 30.09.2020 - о. Кривогаштани
- 01.10.2020 - с. Ропотово и с. Лажани, о. Долнени
- 02.10.2020 - Прилеп, нас. Точила.









Активноста се реализираше преку поставување на штанд во периодот од 11 до 14 часот, на кој беа поделени промотивните материјали од проектот и беа информирани граѓаните за начинот на кој можат да добијат правна помош и каде можат да се обратат. Дополнително на присутните им беа делени маски за заштита и средства за дезинфекција како и освежување. Инфо караванот се одржуваше со почитување на сите мерки и препораки за заштита од КОВИД- 19. Преку оваа активност вкупно 843 граѓани имаа можност да дознаат за правата и правната помош – услугите кои можат да ги добијат во Здружение СТАНИЦА П.Е.Т., како што се: пополнување на документација, совети и упатство за остварување на права од здравствена и социјална заштита, права од вршење на земјоделска дејност, работни односи, вадење на лична документација, права од домување, помош при поднесување барања и друга документација до надлежни институции.

„Е конечно некој и кај нас да дојде, а да не е политичка партија пред избори!“,
„Со години немам слушнато некој да дава правна помош на луѓето, а баш тоа најмногу ни треба. Проблеми имаме колку да сакаш!“
“Кај нас никој не доаѓа ни за лошо, а не пак за арно. Чекајте да им кажам и на другите дека вие сте тука.“
Вака го пречекуваа граѓаните Инфо-караванот, со интерес за промотивните материјали кои беа дистрибуирани и информациите кои со нив беа споделени.

## 4. Здравствени промотори во заедницата

- Проширена група на здравствени промотори кои од почетокот на 2020 брои 22 лица.
- Одржана една дводневна обука за дискриминација
- Реализиран серијал од 3 обуки за правно зајакнување на теми: пристап до правда, лидерство и организирање на заедницата
- Со прогласувањето на вонредна состојба на територијата на целата држава во однос на здравствената ситуација и мерките кои Владата ги донесе за спречување и превенција од КОВИД-19, се појави потребата од едукација на населението во однос на истите. За таа цел преку Промоторите во заедницата се одржаа активности со цел едуцирање на населението за конкретните мерки и ограничувањата кои стапија на сила. Со цел да се избегне организирањето на масовни собири, нашите Промотори во заедницата реализираа две теренски акции со кои остварија околу 200 индивидуални посети во различни населби во Прилеп и околината, поделија флаери со препораките од СЗО и Министерството за здравство и средства за лична хигиена. Активноста беше насочена кон семејствата кои поради сиромаштијата, лошите услови за живеење и социјалната исклученост имаат потешкотии во пристапот до информациите за начинот на заштита од ширењето на КОВИД-19 и набавка на средства за лична хигиена.








Дополнително, во текот на месец јуни Промоторите во заедницата остварија околу 120 индивидуални посети во различни населби во Прилеп и околината, каде поделија маски, средства за лична хигиена и симболично метро, со цел на граѓаните да им се укаже на потребата од држење 2 метри растојание. Потребата за акцијата произлезе од зголемувањето на бројот на заболени во периодот по намалувањето на рестриктивноста на мерките и поради олабавувањето на граѓаните. Поради овие причини, со акција нашите Промотори во заедницата на креативен начин активно се вклучија во одржување на свеста на граѓаните за почитување на мерките за заштита и превенција од Ковид -19. Акцијата се спроведе со помош на Општина Прилеп која донираше 600 маски. Во предновогодишниот период, а поради опасност од масовни собири и зголемување на бројот на заболени, здравствените промотори повторно реализираа теренска акција со која беа опфатени околу 70 семејства на кои им беше поделен промотивен материјал со наслов „Празнувај одговорно!“.

- Како резултат на посветеноста на тимот на здружението, работата на Здравствените промотори во заедницата беше промовирана во рамки на 16тиот Светски конгрес за јавно здравје кој се одржа виртуелно во периодот 12-16 октомври, 2020. Во рамки на 3тиот ден од конгресот, извршната директорка на здружението - Весна Шапкоски имаше усна презентација на тема Развој и зајакнување на Здравствените промотори во заедницата во Прилеп, Северна Македонија. Апстрактот беше објавен и во 30тото издание на European Journal of Public Health во издание на Oxford Academic(1) .
- Воведена телефонска линија „Повикај здравствен промотор“ заради помош и поддршка во остварување на здравствените права поврзани со КОВИД-19.







1.European Journal of Public Health, Volume 30, Issue Supplement_5, September 2020, ckaa165.707, Development and empowerment of community health promoters in Prilep – North Macedonia, достапно на: https://academic.oup.com/eurpub/article/30/Supplement_5/ckaa165.707/5916347

## 5. Ромски кризен штаб

Формирана група од 6 лица - претставници од ромската заедница заради идентификување на приоритети во однос на превенција и справување со КОВИД-19 во ромската заедница во Прилеп. Одржана една заедничка и 3 индивидуални средби.

На 17.09.2020 година, се одржа првата средба на Ромскиот кризен штаб, кој е дел од активностите на проектот: „Организирање на заедницата за одговор на кризата“. За време на средбата се разговараше за итните проблеми и приоритети во ромската заедница поврзани со кризата со КОВИД-19, а кои сите заеднички на различни нивоа можеме да ги пренесеме и решаваме. За време на средбата, беа презентирани и заклучоците од средбата со Градоначалникот на Општина Прилеп кои се однесуваа на подобрување на положбата на ромите во заедницата.

За време на индивидуалните средби се дискутираше за тековните проблеми на ромското население во општина Прилеп: водоснабдување, електрична енергија, инфраструктура, распределба на пакети за граѓаните кои се наоѓаат во тешка економска и социјална состојба и сл.







**<u>Постигната промена:</u>**

Колку што пандемијата и сите последици произлезени од неа ги поместија од корен процесите на унапредување на пристапот до правда за маргинализираните, толку работата на grass-root ниво се покажа клучна и од критично значење за амортизирање на ударот и намалување на штетите. Нашата организација во најкритичните моменти остана блиску до заедниците и беше првата инстанца кон која граѓаните се обраќаа за помош за остварување на основните права кои и тоа како претрпеа повреди во изминатиот период.

Услугата Повикај итна параправна помош, замислена како овозможување на онлајн и телефонска линија за правна помош и асистенција во остварувањето на правата, иако првично замислена заради поголем опфат со услугата и заштеда на ресурси, се покажа како исклучителен и визионерски метод на работа во овој период на задолжителна социјална дистанца. Потврда за тоа колку значаен и прогресивен е овој метод и колку има потенцијал да придонесе во правното зајакнување на заедниците е и наградата од Глобалната мрежа за правно зајакнување (НАМАТИ) која беше доделена на СТАНИЦА П.Е.Т. за дополнително унапредување на оваа услуга, која се разви и подетално осмисли токму на Курсот за правно зајакнување (Legal Empowerment Leadership Course 2019) на кој Весна Шапкоски, извршната директорка на здружението присуствуваше во декември 2019.(2)

Параправната помош која започна да се имплементира од јули 2020 сериозно придонесе во унапредувањето на пристапот до правда за сите граѓани, а особено за оние од ромската заедница и руралните средини во рамки на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени. Парапаравниците се блиску и достапни за заедниците бидејќи и самите се дел од нив, а истовремено се обучени брзо и ефективно да им помогнат на граѓаните и да ги упатат на вистинските места за остварување на нивните права. Особено во време на криза, овие лица се првата инстанца каде граѓаните се обраќаат и бараат помош, бидејќи пандемијата освен здравствена исто така прересна и во криза на пристапот до правда. Многу лица останаа без своите работни места, без основна егзистенција со потешкотии во пристапот до институциите и банките, заглавени во физичка изолација без инфраструктурни и технички можности за одржување на комуникација, надвор од образовните процеси и надвор од можноста непречено да добиваат јавни услуги. Токму затоа, активноста на параправниците не можеше да дојде во подобро време. Таа им даде на граѓаните можност за придвижување на работите напред во остварувањето на нивните права на начин кој е за нив достапен и прифатлив, а истовремено ефикасен и ефективен.



2 NAMATI (2020), Announcing the Winners of the 2019 Legal Empowerment Leadership Course Awards (news and blogs), достапно на: https://namati.org/news-stories/announcing-winners-2019-legal-empowerment-leadership-course-awards/?fbclid=IwAR1NARR5wMDEcXfwk_qwPaE-kSuqz-sAnLwLwOuB3-g65YICmq3LUyMAqsA

**<u>Постигната промена:</u>**

Работата на локалните grass-root организации се покажа дека е суштинска во справувањето со кризни состојби како оваа која настана поради пандемијата. Нашето здружение од самите почетоци е постојано присутно на терен во информирање на граѓаните, по телефон и онлајн, за давање на совети и упатување и секако со редовната правна и параправна помош. Бевме дел од повеќе хуманитарни акции за делење на храна и хигиенски пакети, а исто така и сами инициравме неколку акции за помош на најпогодените граѓани.

Групата здравствени промотори во заедницата која е во состав од активисти кои доаѓаат од различна етничка и географска позадина, претставува иновативен и револуционерен пристап во креирањето и зајакнувањето на активизмот и активистичките групи во рамки на маргинализираните заедници. Имено досегашната пракса на здруженијата и другите чинители предвидуваше ваквите групи да бидат исклучиво креирани од припадници на една маргинализирана заедница, која воедно е и целна група во активностите. Иако овој начин на пристапување во праксата често давал добри резултати сметаме дека иновативни решенија мора да се предвидуваат и во оваа област, заради континуирано унапредување и надоградување. Во конкретниот случај со нашите промотори во заедницата таквата иновација ја воведовме преку вкклучување на Роми и не-Роми во активности за промовирање на здравствените права на ромската заедница, препознавање на пречки и креирање на методи за надминување. Ваквиот пристап се покажа исклучително позитивен. Членовите на оваа мешана група покажаа отвореност да дискутираат на теми од заеднички интерес, да покажат грижа за проблемите на другиот и да понудат решенија за негово надминување. На ваков начин сметаме дека не само што се постигна напредок во интеграција на ромската со не-ромската (македонската) заедница, туку се направи значаен исчекор напред во надминувањето на негативниот наратив дека "ромите треба да работат само со своите", а кој што е коренот на деценискаta сегрегација која што сите стремиме да ја напуштиме.





# 4 ПРОГРАМА: АНТИ - КОРУПЦИЈА

**<u>Проекти:</u>**

• **НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО И ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЛОКАЛНО НИВО** (ноември 2019 – октомври 2020)

<u>Со поддршка од:</u> Фондација Отворено општество Македонија

Во партнерство со: Центар за граѓански комуникации, Центар на заедницата на Општина Струга

• **ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА**

(15 јуни 2020 – 31 март 2021)

<u>Со поддршка од:</u> УСАИД – Проект за граѓанско учество/Фондација Отворено општество Македонија









- **Реализирани активности/резултати:**

- Во периодот февруари – април 2020 беа прибавени информации за три јавни набавки реализирани од страна на ЈЗУ Општа Болница „Борка Талески" Прилеп, кои се однесуваат на набавка на храна и прехранбени производи, медицинска опрема и РТГ потрошен материјал.
- Во текот на месец мај од собраните податоци за јавните набавки за тендерите кои се предмет на анализа, на претходно подготвен прашалник за следење на постапките за јавни набавки, беа изготвени 3 поединечни анализи за секој од тендерите. Целта на анализата беше врз основа на добиените податоци и целокупната документација детално да се проучат јавните набавки односно, потребната документација, начинот на спроведување на набавката, понудувачите и цените.
- Паралелно, во истиот период беше изготвена Методологија за теренско истражување меѓу пациенти - прашалник за интервју за квалитетот на услугите предмет на јавните набавки, како и прашалник - водич за спроведување на фокус групи со пациенти. Целта беше да се добијат повеќе информации во однос на здравствените услуги кои ги користеле а се предмет на анализа согласно проектот.
- Во текот на месеците април и мај, беа спроведени 15 индивидуални интервјуа на локално ниво, со граѓани кои ги користеле услугите на ЈЗУ Општа Болница Прилеп во текот на 2018 и 2019 година. Индивидуалните интервјуа беа анонимни и спроведени на 15 граѓани на општина Прилеп и околните села. Според возраст беа опфатени граѓани од 17 - 67 години од машки и женски пол.
- Фокус групите беа организирани во текот на месец јули 2020, на три различни локации, со цел опфаќање на различни категории на граѓани кои ги користеле услугите на ЈЗУ Општа Болница Прилеп во текот на 2018 и 2019 година. Вкупно беа опфатени 39 лица. Поради пандемијата на КОВИД-19 фокус групите се одржаа на отворено и тоа во самите заедници за кои беа наменети. На ваков начин, нашата работа уште еднаш излезе од својата вообичаена зона и направи чекор напред кон приближување на заедниците со кои работиме. Тоа придонесе граѓаните да се чувствуваат послободни и поотворени за дискусија и да ја прифатат активноста како своја.







- Во периодот август-септември **2020**, беше изработен промотивен материјал - маица на чија предна страна беа испечатени цитати (фрази), кои се дел од заклучоците добиени од одржаните индивидуални интервјуа и фокус групите со корисници на услуги на ЈЗУ Општа Болница Прилеп.
- Во текот на месец септември **2020** година беше организирана теренска акција за дистрибуција на промотивниот материјал со која беа опфатени **150** граѓани од Прилеп и околните населени места.
- Во текот на месец октомври беше изготвено првото издание на ГЛАСНИК за анти-корупција на локално ниво. Во ова издание беше подетално објаснето за проектот: Анти-корупција во здравството низ призмата на теренската работа, методологијата која беше користена и активностите, три јавни набавки реализирани во **2018** и **2019** година од страна на ЈЗУ од Општина Прилеп кои беа предмет на анализа согласно проектот, Декстоп анализа за начинот на спроведување на јавните набавки, теренска анализа реализаирана со индивидуални интервјуа и три фокус групи, промотивен материјал- маица и теренска акција за дистрибуција на истиот и заклучоци и препораки . Заклучоците беа извлечени согласно теренската работа, односно **15** индивидуални интервјуа и **3** фокус групи.







Во документот беа објавени **14** заклучоци и **8** препораки:

**1.** ЈЗУ Општа болница Прилеп треба да ја унапреди транспарентноста и отчетноста во своето работење овозможувајќи им на граѓаните кои ги користат нивните услуги да имаат поголем увид во нивото работење.

**2.** Потребно е усогласување помеѓу јавните набавки и реалните потреби на пациентите, што ќе доведе и до поголема достапност на услугите и терапијата која треба да ја примаат пациентите.

**3.** Да се ревидира планот за набавка на храна и прехранбени продукти и да се усогласат менијата со различните потреби на пациентите. Договор со надворешна фирма која би обезбедувала готови оброци по претходно утврдено мени е исто опција, која во други здравствени установи низ државата се применува.

**4.** Да се рационализира планот за набавка на медицинска опрема во согласност со барањата на пациентите за одредена здравствена услуга во претходните години.

**5.** Да се усогласат набавките на медицински потрошен материјал со потребите на пациентите и бројот на дадени услуги во претходниот период, како не би се случувале недостатоци и префрлање на трошоците на самите пациенти, за материјали за кои болницата реализира јавни набавки.

**6.** Заеднички да се работи за искоренување на праксата за „честење" на медицинскиот персонал за извршената услуга.

**7.** Позитивниот однос е половина здравје за пациентите. Потребно е медицинскиот персонал да се однесува кон пациентите со почит, љубезност, достоинство, емпатија, разбирање и искреност.

**8.** Треба да се работи на дополнителна мотивација на медицинскиот персонал преку обезбедување на соодветни услови за работа, како и повисоки месечни надоместоци.



- На 27.10.2020 година, во х. Кристал Палас, Станица П.Е.Т. организираше јавна дискусија во рамките на проектот: „Анти-корупција во здравството низ призмата на теренската работа“, кој се спроведуваше во периодот ноември 2019 - октомври 2020 година, а главната цел претставуваше сензибилизирање на јавните здравствени установи за поголема отчетност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки, прилагодени според потребите на пациентите. Целта на оваа активност беше презентација и дискусија за проблемите кои беа идентификувани од спроведувањето на десктоп анализа за начинот на спроведување на јавните набавки и разговорите со пациенти кои биле корисници на услугите на ЈЗУ Општа болница Прилеп за време на индивидуалните интервјуа и фокус групи кои се одржаа во изминатиот период, а со кои беа опфатени 54 граѓани од општина Прилеп и руралните места. На завршниот јавен настан, учество зедоа 29 граѓани на Општина Прилеп и руралните места, како и претставници на граѓански организации и институции, пред кои беа презентирани резултатите од истражувањето, искуствата од работата на терен помеѓу пациентите кои биле корисници на услугите на ЈЗУ Општа болница Прилеп во 2018/2019 година и беше промовирано првото издание на Гласник за анти-корупција на локално ниво во кој беа презентирани заклучоците и препораките кои произлегоа од истражувањето. Настанот се пренесуваше и виртуелно преку Zoom-платформата, а беше проследен исто така и од локални и национални медиуми.










**Постигната промена:**

Работата на нашето здружение на правно зајакнување на заедниците и овозможување на пристап до правда на маргинализираните заедници, со посебен фокус на здравствената и социјалната заштита, од самиот почеток е втемелена на пристапот базиран на заедницата - целиот процес на идентификување на пречките, изнаоѓање на решенија за нивно надминување и поттикнување на активизам за промени произлегува и се реализира во и од самата заедница.

За првпат годинава, тој пристап во нашата работа е ставен и во функција на идентификување и борба против корупцијата. Се покажа дека вклучувањето на заедниците на територијата на локално ниво, односно корисниците на здравствените услуги на Општина Прилеп во намалување на корупцијата во здравството дава информации од прва рака за услугите кои ги добиваат од ЈЗУ Општа Болница Прилеп. Согласно информациите кои ги добивме од корисниците на терен ја прикажавме реалната слика за тоа дали услугите кои пациентите ги добиваат, кореспондираат со набавките кои се извршуваат, како и тоа дека набавеното не е целосно во согласност со потребите на корисниците.

Нашето долгогодишно искуство и секојдневна активност на терен придонесе граѓаните да бидат отворени и доверливи со нас да дискутираат за своите искуства кои ги добиле од здравствената установа. На таков начин ја дознавме фактичката состојба на здравствениот систем и укажавме на недостатоците и недоследностите во него. Со тоа, борбата против корупцијата ја ставивме во функција на реално и ефективно подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, а не само апстрактен проблем за кој тие слушаат на дневно ниво.



**<u>Постигната промена;</u>**

Актуелизирањето на вака важна тема како јавното здравство особено во ваков период кога исклучително јасно се покажа колку е тоа важно, и тоа од аспект на ризиците од корупција кои директно и недвосмислено ги поткопуваат неговите темели, беше особено позитивно прифатено од пошироката јавност, најпрво преку социјалните мрежи, со дистрибуцијата на промотивниот материјал, а потоа и со јавниот настан кој привлече особено медиумско внимание и за кој со денови потоа се дискутираше во живо и на социјалните мрежи. Се покажа дека граѓаните се сепак отворени и желни да зборуваат за ваква тема, но потребно е некој истите да ги отвори.
Дополнително, оваа година за првпат правната едукација и правната помош кои ги обезбедуваме, беа насочени кон едукација за препознавање и пријавување на корупција.









**<u>Како една исклучително</u>** сензитивна тема, за која во помалите градови е чудно и страшно да се зборува, забележавме сериозен напредок и отвореност на граѓаните да дознаат повеќе и да се спротивставаат на оваа штетна пракса. Сепак, забележително е дека некои наративи во врска со корупцијата се длабоко вкоренети во нашето општество и борбата за нивна промена ќе трае долго.
Кога станува збор за корупцијата, организациите кои работат на терен (grass root) ретко се занимаваат со оваа проблематика, па кога ќе го направат тоа, се соочуваат со одредени негативни ставови и одбивања, особено од страна на институциите на локално ниво, како еден вид на отпор кон оваа работа на ваков директен начин.
Тоа секако, е само знак дека работите се движат во вистинска насока, со крајна цел постигнување заеднички напредок кој е во интерес на сите.

# 5 ОРГАНИЗАЦИСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ

## Проекти:

• **ТРАНСПАРЕНТНО ДЕЛУВАЊЕ ЗА ОТЧЕТНО ОДНЕСУВАЊЕ**

(јуни 2020 – ноември 2020)

Со поддршка од: Македонски центар за меѓународна соработка









- **Реализирани активности/резултати:**

- Идентификување на експерт за поддршка при изработка на Комуникациска стратегија - во текот на месец јуни преку јавен повик беше избрано лице со соодветно искуство во областа за подготовка на Комуникациска стратегија.
- Интерна обука за креирање на Комуникациска стратегија – во текот на месец јули/август/септември беше изработена методологија и агенда за спроведување на обуката за креирање на Комуникациска стратегија од страна на експертот. Подготвената методологија ги опфаќа следните аспекти: дефинирање на целите на стратегијата, SWOT анализа на СТАНИЦА П.Е.Т. поврзана со комуникациската стратегија, целни групи и нивните потреби, методи и активности за остварување на комуникациските цели, ресурси за спроведување на стратегијата, временска рамка и одговорност за спроведување на стратегијата. На 18 септември беше организирана еднодневна обука во времетраење од 8 часа, на која учесниците (10 вработени и членови на СТАНИЦА П.Е.Т.) се запознаа со основите за изработка на Комуникациска стратегија на здружението и дискутираа за целите, методите и активностите кои треба да се спроведат за успешна реализација на стратегијата. Како резултат на обуката, од страна на експертот беше изработена Комуникациската стратегија.
- Дополнителна активност: Во текот на месец август/септември беше подготвен и интерен Правилник за прибирање на понуди во тендерска постапка кој беше изработен од проектниот тим според потребите на здружението.
- Идентификување на Ревизорска куќа за подготовка на Ревизорски извештај за здружението - во текот на месец септември беше направено мапирање на ревизорски куќи на национално ниво, по што во координација со проектниот тим беа избрани четири од нив до кои беа испратени Барања за понуди за изработка на ревизорски извештај за 2019 година, а по прибраните понуди беше избрана најсоодветната од страна на Комисијата за спроведување на постапка за разгледување на добиените понуди и избор на најповолен понудувач.
- Подготовка на ревизорски извештај - во текот на месец септември и октомври беше подготвен ревизорскиот извештај од страна на идентификуваната ревизорска куќа кој даде насоки за идното дејствување на здружението, а воедно даде и основа за идна подготовка на вакви извештаи.
- Публикување и промоција на изработените документи на социјалните мрежи - во текот на месец ноември беше реализирано публикување на изработените документи на веб страната на СТАНИЦА П.Е.Т. и промоција на изработените документи (Комуникациска стратегија и Ревизорски извештај за 2019 година) на социјалните мрежи на здружението (фејсбук, инстаграм) во вид на инфографици, со кои што беше направена дополнителна промоција на работата на здружението, а со објавите беа опфатени над 1000 граѓани.
- Дополнителна активност: Во текот на месец ноември беа подготвени и два правилници согласно препораките на овластениот ревизор: Правилник за работењето на здружението и Правилник за сметководство и сметководствени политики.

**<u>Постигната промена:</u>**

Проектот: „Транспарентно делување за отчетно однесување" влијаеше на подигнување на нивото на транспарентност, отчетност и видливост на целите и активностите на здружението, доближување до граѓаните и другите засегнати страни, а посебно до донаторската заедница. Остварувањето на целите доведе до воспоставување на одржлив систем на комуникација со сите засегнати страни што во иднина ќе придонесе кон спроведување на нови активности и проекти, воведување на еден сеопфатен систем на отчетност и транспарентност на здружението и креирање на рамка за понтамошно креирање на ефикасни внатрешни процедури и правила. Преку јавно објавување на изработените документи за организацијата се зголеми довербата на граѓаните а со тоа и бројот на корисниците на услугите на здружението. Склучените меморандуми за соработка – остварената соработка со локалните граѓански организации ќе доведе до подобрување на транспарентноста и на останатите чинители во локалната заедница, а понатаму ќе се прават напори за заедничко влијание за зголемување на транспарентноста и отчетноста и на локалните институции.



# Контакт информации

ул. Прилепски бранители бр. 24/1
7500 Прилеп

076/278-753

stanicapet@gmail.com

**facebook.com/stanicapet**

**instagram.com/stanicapet**

**stanicapet.org.mk**



**Ако правото не е достапно за сите, тогаш и правдата не е достапна за сите. А ако правдата не е достапна за сите, таа не е право туку привилегија!**

